**20250621305**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ТЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СООБРАЗНОСТ И ЛАБОРАТОРИИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 1

Со оваа методологија се пропишува акредитацијата на тела за оценување на сообразност и лаборатории за тестирање на средства, која ги вклучува и стандардите кои треба да бидат исполнети (во натамошниот текст: акредитацијата).

Член 2

Со акредитацијата се одредува техничката компетентност, интегритетот и непристрасноста на тела за оценување на сообразност и лаборатории за тестирање на средства и се потврдува компетентноста на телата за проценка на сообразноста за извршување на специфични задачи за проценка на сообразноста дека ги исполнуваат стандардите од серијата EN ISO / IEC 17000.

Член 3

При акредитацијата се применува методот на преземање, кој во смисла на оваа методологија, означува дека од страна на Министерството за дигитална трансформација се преземаат акредитираните тела за оценување на сообразност и лабораториите за тестирање на средства, од утврдената листа на правни лица кои се овластени во Република Северна Македонија или во земја членка на Европската унија кои можат да вршат оценување на сообразност во Република Северна Македонија, согласно закон.

Член 4

Телата за оценување на сообразност треба да имаат сертификат за EN ISO/IEC 17065.

Лабораториите за тестирање на средства треба да имаат сертификат за EN ISO/IEC 17025.

Член 5

Телото за оцена на сообразноста треба да го исполнува стандардот ETSI EN 319 403.

При оценување на сообразност, телото за оцена на сообразност треба да има валиден сертификат за стандардот ETSI EN 319 403.

Член 6

Лабораторијата за тестирање на средства треба да го исполни стандардот ETSI EN 319 403.

При спроведување на постапка за оценување на сообразност, лабораторија за тестирање на средства треба да има валиден сертификат за стандардот ETSI EN 319 403.

Член 7

Со денот на влегување во сила на оваа методологија, престанува да важи Методологијата за акредитација на тела за оценување на сообразност и лаборатории за тестирање на средства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/20).

Член 8

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-186/3
17 март 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.